ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА

# ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАП НА НОВИ ОБЈЕКТИ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

**(ЗА ИНВЕСТИТОРИ)**

2025 година

**СОДРЖИНА**

Напомени ..... 3

Контакти ..... 4

ЧЕКОР 1 – Енергетска согласност за пристап на дистрибутивниот систем ..... 5

ЧЕКОР 2 – Техничко решение за топлинска станица ..... 5

ЧЕКОР 3 – Изработка на проект за приклучок ..... 6

ЧЕКОР 4 – Изведба на приклучок и топлинска станица ..... 6

Шема на постапката за приклучување на нови објекти ..... 8

**<u>Напомени</u>**

! *Процедурата за приклучување е детално опишана во „Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на ЕСМ Дистрибуција на топлина“, достапни на веб сајтот на ЕСМ Дистрибуција на топлина и на Регулаторната комисија за енергетика;*

! *Објектите кои се приклучуваат на дистрибутивниот систем мора да ги задоволат техничките барања дефинирани во „Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија” и „Посебните технички услови за проектирање, изведба и одржување на системот за дистрибуција на топлинска енергија”, достапни на веб сајтот на ЕСМ Дистрибуција на топлина.*

## Контакти

**ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА**
Адреса: ул. Лондонска бр. 8, 1020 Скопје
E-mail: contact@esm-distribucija.mk

Работно време: понеделник до петок, 07:30-15:30 часот

- Одделение за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи
  - Референт
    - Весна Џуровска
    - Канцеларија: 102
    - Телефон: 02/ 5514-027
    - E-mail: vdzurovska@esm-distribucija.mk
  - Одговорен инженер
    - Зоран Јанчевски
    - Канцеларија: 102
    - Телефон: 02/ 5514-027
    - E-mail: zjancevski@esm-distribucija.mk
  - Одделение за надзор
    - Филип Серафимов, Панче Котевски
    - Канцеларија: 211
    - Телефон: 02/ 5514-021
    - E-mail: fserafimov@esm-distribucija.mk ; pkotevski@esm-distribucija.mk
- Архива
    - Канцеларија: 002
    - Телефон: 02/ 5514-011

## ЧЕКОР 1 – Енергетска согласност за пристап на дистрибутивниот систем

1.1 Постапката за пристап на нов објект на дистрибутивниот систем започнува со поднесување на Барање за издавање на Решение за согласност за приклучување на системот за дистрибуција. Барањето се подига од веб страната на ЕСМ Дистрибуција на топлина: www.esm-distribucija.mk;

1.2 Пополнетото Барање се доставува во Архивата на ЕСМ Дистрибуција на топлина, лично или по пошта. Консултации околу пополнувањето на барањето може да се добијат во Одделението за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи (телефон 02/ 5514-027);

1.3 Дистрибутерот на Барателот, во рок од 15 дена од датумот на поднесувањето на Барањето, му издава Решение за согласност за приклучување на системот за дистрибуција.

## ЧЕКОР 2 – Техничко решение за топлинска потстаница

2.1 По добиено Решение за енергетска согласност за пристап на дистрибутивниот систем, следен чекор е поднесување на Барање за Техничко решение за топлинска потстаница;

2.2 Барањето за Техничко решение за топлинска потстаница се подига од Барањето се подига од веб страната на ЕСМ Дистрибуција на топлина: www.esm-distribucija.mk;

2.3 Пополнетото Барање се доставува во Архивата на ЕСМ Дистрибуција на топлина, лично или по пошта. Консултации околу пополнувањето на барањето може да се добијат во Одделението за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи (телефон 02/ 5514-027);

2.4 Дистрибутерот на Барателот, во рок од 15 дена од датумот на поднесувањето на Барањето, му издава Техничко решение за топлинска потстаница.

## ЧЕКОР 3 – Изработка на проект за приклучок

3.1 Барателот преку електронска пошта до Одделението за надзор доставува Основен проект врз основа на техничките податоци од Решението за енергетска согласност за пристап на дистрибутивниот систем, изработен од лиценцирани фирми за проектирање.
Консултации околу проектот или измена на техничките податоци од оперативни причини, се добиваат во Одделението за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи (канцеларија 102, телефон 02/5514-027).
Дистрибутерот го верификува доставениот Основен проект со потпишување на Потврда за усогласеност со „Посебните технички услови за проектирање, изведба и одржување на системот за дистрибуција на топлинска енергија" (Потврдата е составен дел од проектната документација и се подига од веб страната);

3.2 Барателот обезбедува Ревизија на Проектот за приклучок (од лиценцирани фирми за ревизија).

## ЧЕКОР 4 – Изведба на приклучок и топлинска станица

Изведбата на приклучокот и топлинската потстаница во сите фази е на трошок на Барателот.

4.1 Барателот писмено и навремено го известува Дистрибутерот за датумот на почеток на изведбата. Во прилог на писменото известување:
- Доставува копија од ревидираниот проект за приклучокот;
- Назначува одговорно лице за контакт со надзорот на Дистрибутерот (канцеларија 211, телефон 02/5514-021). Дистрибутерот прави надзор во сите фази на изведбата на приклучокот и топлинската станица. Надзорот писмено го известува одговорното лице на Барателот за резултатите од секоја фаза на изведбата на приклучокот и топлинската потстаница.

Доколку во текот на изведбата се јави потреба за измена на дел од проектот, Проектантот ќе изврши дополнување на основниот проект, по кое Барателот е должен да постапи;

4.2 Дистрибутерот оперативно го организира спојувањето на ново изведениот приклучок на дистрибутивната мрежа;

4.3 Барателот до Дистрибутерот доставува катастарски елаборат за линиска инфрастуктура за изведениот приклучок;

4.4 Дистрибутерот издава:

- Потврда за изведен приклучок;
- Потврда за изведено приклучување;
- Потврда за изведена топлинска потстаница.

***!*** *По завршување на сите наведени чекори, Барателот може да поднесе Барање за пробна испорака на топлинска енергија кај Снабдувачот, но претходно е должен на Дистрибутерот да му го плати надоместокот за создавање на технички услови во дистрибутивниот систем, во согласност со реално инсталираната топлинска моќност на објектот, а според методологијата во Прилог 1 од „Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење" (достапно на веб страната на ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ).*

## Шема на постапката за приклучување на нови објекти

